ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-625/1
03.08 2021 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Служ.Весник на РМ бр.27/2014, бр.199/2014 и бр.27/2016), в.в. со член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 22 и член 23 од Законот за работните односи, Директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2021
за вработување на даватели на јавни услуги на неопределено време

1. Проектант од областа на градежништвото во Одделение за проектирање, урбанистичко планирање и ГИС, шифра КДР0305Б01076 - 2 извршители
2. Работоводител на возен парк во Одделение за јавен градски превоз, шифра КДР0305Б02137 - 1 извршител
3. Возач на автобус (јавен градски превоз) во Одделение за јавен градски превоз, шифра КДР0305Б03056 - 8 извршители
4. Диспечер во Одделение за паркинг, шифра КДР0305Б02103 - 1 извршител
5.Паркинг оператор во Одделение за паркинг, шифра КДР0305Б04068- 6 извршители

Општи услови за сите работни места:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за работно место: Проектант од областа на градежништвото
- најмалку ниво на квалификации 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен - Градежништво и водостопанство или Архитектура, урбанизам и планирање
- најмалку три години работно искуство во струката.
- Овластување А или Б за изработка на проектна документација од градежништво;
- Овластување А или Б за надзор од градежништво;

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок , од 07:30 до 15:30 часот, нето плата 26.122,00 денари.

Напомена: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 2.

Посебни услови за работно место: Работоводител на возен парк
- најмалку ниво на квалификациите најмалку IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- најмалку две години работно искуство во струката

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок , од 07:30 до 15:30 часот, нето плата 19.027,00 денари.

Напомена: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 1.

Посебни услови за работно место: Возач на автобус (јавен градски превоз)
- најмалку ниво на квалификациите најмалку IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- најмалку една година работно искуство во струката.
- возачка дозвола Д-категорија

Работно време: работното време е во смени, и тоа прва смена од 05:30 до 12:00 часот, втора смена од 10:30 до 17:00 часот, трета смена од 15:30 до 22:00 часот,
работата е по систем непрекината работна недела со 40 часовно работно време неделно, нето плата 18.239,00 денари.

Напомена: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 8.

Посебни услови за работно место: Диспечер
- најмалку ниво на квалификациите најмалку IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- најмалку две години работно искуство во струката
- сертификат за способност за управување со системот за СМС наплата
- сертификат за управување со системот за издавање на документација и управување со договори за повластени и регуларни билети за паркирање

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до сабота во смени, и тоа: понеделник до петок прва смена од 07:00-14:00 часот, втора смена од 14:00 до 21:00 часот, сабота прва смена од 07,00 до 12,00 часот, втора смена од 12:00 часот до 17:00 часот, нето плата 19.027,00 денари.

Напомена: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 1.

Посебни услови за работно место: Паркинг оператор
-најмалку ниво на квалификациите најмалку IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
-со или без работно искуство во струката
Работно време: 40 часа неделно од понеделник до сабота во смени, и тоа: понеделник до петок прва смена од 07:30-14:30 часот, втора смена од 14:30 до 21:30 часот, сабота прва смена од 07,00 до 12,00 часот, втора смена од 12:00 часот до 17:00 часот, нето плата 16.662,00 денари.

Напомена: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 6.

Кон пријавата, кандидатите потребно е да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место (во оригинал или копија заверена на нотар):

- Доказ за државјанство,

- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение за општа здравствена способност,
- Доказ уверение-диплома за завршено соодветно образование,
- Доказ за работно искуство (документ од АВРМ),
- Доказ Овластување А или Б за изработка на проектна документација од градежништво (за работното место под реден број 1)
- Доказ Овластување А или Б за надзор од градежништво(за работното место под реден број 1)
- Доказ Возачка дозвола Д-категорија (за работното место под реден број 3)
- Доказ Сертификат за способност за управување со системот за СМС наплата (за работното место под реден број 4),
- Доказ Сертификат за управување со системот за издавање на документација и управување со договори за повластени и регуларни билети за паркирање (за работното место под реден број 4).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази и интервју.
Изборот ќе се изврши во рок согласно член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава за вработување која можат да ја подигнат во архивата на јавното претпријатие или на веб страната на претпријатието www.jpzapup.com

Огласот трае 5 (пет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на интернет страницата на претпријатието и во дневниот печат-во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.
Пријавите со сите потребни документи да се достават на адреса: ЈП за ПУП Прилеп, Ул.„Прилепски бранители“ бр.1 Прилеп, лично или по пошта.
Ненавремените, некомплетни и неуредно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп
Директор
Илија Иваноски